






# ПРАВИЧНОСТ ЗА ДЕЦАТА

unicef

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| Напредокот на децата изразен со бројки | | 4 |
| Вовед | | 6 |
| 1. | ЗДРАВЈЕТО НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА | 8 |
| | 1.1 Велес: Предводник во програмата за имунизација на УНИЦЕФ | 10 |
| | 1.2 Безбедно мајчинство: Болници пријатели на бебињата | 12 |
| 2. | РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ И КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ | 14 |
| | 2.1 Ран детски развој: Подготовка на децата за училиште | 16 |
| | 2.2 Училишта по мерка на детето: Мултикултурализам и почитување на правата на децата | 18 |
| | 2.3 Училишта по мерка на детето: Математика со размислување | 20 |
| 3. | ДЕТСКА ЗАШТИТА | 22 |
| | 3.1 Семејство за најзапоставените деца | 24 |
| | 3.2 Повеќе грижа, помалку документи: Еден ден во животот на социјалниот работник | 26 |
| | 3.3 Градење на правосуден систем за децата | 28 |
| 4. | УПРАВУВАЊЕ ФОКУСИРАНО НА ДЕТЕТО | 30 |
| | 4.1 Невидливи за државата: Проблемот со регистрирање при раѓање | 32 |
| | 4.2 Градење на општина по мерка на детето | 34 |
| 5. | МОНИТОРИНГ ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО | 36 |
| | 5.1 Зајакнување на улогата на НВОи во вршењето мониторинг за правата на детето | 38 |
| 6. | ПАРТНЕРСТВА ЗА ДЕЦАТА | 40 |
| | 6.1 Новинарство по мерка на детето | 42 |

# Напредокот на децата изразен со бројки

**Подолу е даден преглед на показателите со кои се истакнува охрабрувачкиот напредок за децата во поранешна Југословенска Република Македонија во текот на последните децении – период во кој се одвиваше и политичка и економска транзиција, како и краткотраен внатрешен конфликт.**

| **Основни податоци за земјата** | **Најрани располо-жливи податоци 1990*** | **Последни располо-жливи податоци 2008*** |
|---|---|---|
| БДП по глава на жител во американски долари (најрано од 1994) | 820 | 4140 |
| Вкупно население во илјади | 1895 | 2041 |
| Население во илјади, под 18 | 595 | 469 |
| Население во илјади, под 5 (најрано од 1991) | 154 | 112 |
| Јавни расходи во здравството како % од БДП (најрано од 1995; последни од 2006) | 5.5% | 5.9% |
| Јавни расходи во образованието како % од БДП | 5.9% | 5.7% |
| Јавни расходи во социјалната заштита како % од БДП | - | 5% |
| **Здравје и исхрана** | | |
| Стапка на смртност кај деца под 5 години (на 1,000 живородени) | 36 | 11 |
| Стапка на смртност кај доенчиња (на 1,000 живородени) | 32 | 10 |
| Перинатална смртност (порано родени и мртвородени) на 1,000 родени | - | 14.6 |
| Вакцинација, 1-годишни деца вакцинирани против: ТБ | 93 | 94 |
| Вакцинација, 1-годишни деца вакцинирани против: ДТП 1 | 94 | 98 |
| Вакцинација, 1-годишни деца вакцинирани против: ДТП 3 | 94 | 95 |
| Вакцинација, 1-годишни деца вакцинирани против: Полио 3 | 94 | 96 |
| Вакцинација, 1-годишни деца вакцинирани против: Сипаници | - | 98 |
| Вакцинација, 1-годишни деца вакцинирани против: ХепБ | - | 97 |
| % на деца кои: исклучиво се дојат <6 месеци (најрани од 1999; последни од 2005) | 36.6 | 16.2 |
| % на домаќинста кои употребуваат јодирана сол | - | 94 |
| Проценета стапка на преваленца на ХИВ (на возраст 15–49), (последни од 2007) | - | <0.1 |
| **Обазование** | | |
| Стапка на запишување во основно училиште (бруто) | 100 | 98 |
| Стапка на запишување во основно училиште (нето) | 88 | 92 |
| Стапка на запишување во основно училиште (нето момчиња) | 88 | 92 |
| Стапка на запишување во основно училиште (нето девојчиња) | 87 | 92 |
| Стапка за запишување во средно училиште (нето момчиња) | 53 | 82 |
| Стапка на запишување во средно училиште (нето девојчиња) | 55 | 80 |
| **Детска заштита** | | |
| % на деца регистрирани при раѓање | - | 94 |
| Број на деца згрижени во јавна институција (возраст 0-17), (најрани од 2000) | 467 | 315 |
| Број на деца кои се згрижени но не во јавна институција, (вкупно), (најрани од 2005) | 72 | 84 |
| Број на деца со пречки во развојот згрижени во јавна институција, (најрани од 2000) | 649 | 477 |
| % на жени на возраст 15-49 кои сметаат дека е оправдано сопругот да ја тепа својата сопруга/партнерка | - | 21 |
| % на деца на возраст 2-14 години кои доживеале некаква форма на психолошко или физичко казнување | - | 69 |
| # на малолетници кои се сместени во затворени казнено/поправни институции и затвори (последни од 2005) | 151 | 95 |

*Извори:* Државен завод за статистика, Мулти-индикаторско кластерско истражување, Состојбата на децата во светот, Трансмоне

* Освен ако е поинаку наведено

# Повеќе напредок за едни отколку за други

**Иако растот на БДП на земјата продолжи во текот на последната деценија, и поранешна Југословенска Република Македонија се наоѓа во категоријата на земји со среден приход, сепак реформите во секторот кој ги опфаќа социјалните области заостануваат, диспаритетите се зголемени, а напредокот за децата е нерамномерен. Континуираните високи стапки на сиромаштија кај децата и општествената исклученост; долготрајните диспаритети во пристапот до услуги во здравството и образованието; и слабата поврзаност помеѓу отчетноста, политиките и буџетските распределби, ги претставуваат трите главни предизвици за да се постигне правичност. Следните статистички податоци даваат преглед на остварениот напредок и на континуираните нееднаквости.**

| **Економски показатели** | **1990*** | **2008*** |
|---|---|---|
| Невработеност (најрани од 1996) | 31.9 | 33.8 |
| Невработеност кај млади луѓе (на возраст 15-24), (најрани од 1996) | 69.5 | 56.4 |
| % на домаќинства кои живеат под релативната стапка на сиромаштија (70% средна потрошувачка), (најрани од 1997; последни 2009) | 19 | 31.1 |
| % на деца кои живеат под прагот на релативна сиромаштија (70% средна потрошувачка), (последни 2009) | - | 34.1 |
| GINI коефициент (најрани од 1990) | 0.223 | 0.315 |

*Извори:* Државен завод за статистика, Преглед на јавните расходи

| **Показатели за добросостојбата на децата според квинтил за богатство** | **Најсиромашен квинтил** | **Најбогат квинтил** |
|---|---|---|
| Смртност кај деца под 5 години (најсиромашни 60% и најбогати 40%) | 25 | - |
| Доенечка смртност (најсиромашни 60% и најбогати 40%) | 22 | - |
| Деца на возраст од 18-29 месеци кои ги имаат примено сите осум препорачани вакцини | 60 | 77 |
| Деца на возраст од 36-59 месеци кои посетуваат едукација за детски развој | 1.4 | 24.7 |
| Нето стапка на посетеност на основно училиште | 86.2 | 99.9 |
| Стапка на завршено основно училиште | 61.9 | 99.6 |
| Нето посетеност на средно училиште | 33.7 | 89.6 |
| Детски брак (% на бракови под 18 години) | 19 | 6 |
| % на деца кои се регистрирани при раѓање | 88.5 | 99.1 |
| % на жени на возраст 15-49 кои сметаат дека е оправдано сопругот да ја тепа сопругата/партнерката | 31.6 | 8.1 |
| % на деца на возраст 2-14 години кои доживеале некаква форма на психолошко или физичко казнување | 72.1 | 45.4 |

*Извори:* Мулти-индикаторско кластерско истражување

* Освен ако е поинаку наведено

# Вовед

По стекнувањето на независноста во 1991, поранешната Југословенска Република Македонија постигна солиден напредок во обезбедувањето на политичка стабилност и економски развој како  мултиетничка држава. Две децении оттогаш, земјата сега е цврсто позиционирана како земја со среден приход, и е земја кандидатка за членство во Европската Унија.

Ваквите придобивки навистина имаа позитивно влијание на животите на повеќето деца во земјата. Меѓутоа, немаат сите деца подеднакви придобивки.

Вкупните податоци покажуваат охрабрувачи напредок кон постигнувањето на Милениумските развојни цели и во подобрувањето на состојбата на децата и жените. Меѓутоа, ако погледнеме под површината, јасно е дека многу деца се и понатаму заборавени. Околу 34 % од децата живеат под прагот на релативна сиромаштија. Само шест од десет деца од најсиромашниот квинтил завршуваат основно училиште, споредено со десет деца помеѓу нивните врсници од најбогатиот квинтил. Ромите се наоѓаат помеѓу најранливите, со само четири од десет ромски деца кои целосно го завршуваат основното училиште. Децата со пречки во развојот, исто така ја губат можноста за право на образование: се проценува дека само 10 проценти од овие деца одат на училиште.

Премногу деца во земјата сé уште страдаат од злоупотреба, есплоатација, насилство, и одрекнување на други права. Некои деца, главно Роми не се регистрирани при раѓање. Иако е постигнат наредок со деинституционализацијата на децата, се уште има многу деца со пречки во развојот кои би биле во подобра состојба доколку би живееле во семејства или во помали групни домови, а кои живеат во големи институции каде грижата е несоодветна. Иако новите законски одредби и стратегии за зголемување на квалитетот на правдата за децата заслужуваат пофалба, потребно е уште да се работи за новите одредби за малолетничка правда да бидат целосно спроведени и за да се обезбедат доволно ресурси за таа цел.

Слабата поврзаност помеѓу отчетноста, планирањето и расходите претставува пречка за некои од политичките обврски да бидат преточени во активности, како на централно така и на локално ниво. Инфраструктурата за вршење мониторирање на детските права, иако функционира, треба да биде уште позајакната. Како што земјата се придвижува кон идното интегрирање со своите европски соседи и како што економијата продолжува да се развива, од суштинско значење е да се воспостават мерки со кои ќе се обезбеди СИТЕ деца да имаат придобивки од тоа. Преку посветување повеќе внимание на оние семејства кои се наоѓаат во најдолните економски квинтили и на најранливите групи од населението, земјата ќе ги постигне најдобрите можни перспективи за успех.

Со оглед на тоа што диспаритетите и исклученоста се зголемија во текот на последните две децении, клучно е да се стави поголем акцент на најранливите. Оваа стратегија може да биде потешка заспроведување но придобивката од зачуваните и збогатени детски животи може да биде уште поголема.

Акцентот во нашата Програма за споработка со земјата 2010-2015 е ставен на три стратегии: најпрво, двојно зголемување на заложбите од изминатите две децении така што сите деца ќе можат да имаат придобивки од инклузивни и квалитетни услуги; второ, зајакнување на слабата поврзаност помеѓу отчетноста, планирањето и расходите, што претставува пречка некои од политичките обврски да бидат преточени во програмски активности како на централно така и на локално ниво; и трето, зајакнување на националната инфраструктура за мониторирање и известување за детските права.

Покрај добрите намери на владите кои се менуваа во земјата, и ратификувањето на Конвенцијата за правата на детето и на низа други меѓународни договори за човекови права, многу деца во поранешна Југословенска Република Македонија, сé уште не ги уживаат основните права на образование, здравствена заштита, социјална заштита, и учество. Доколку не се подобри ваквата состојба, не само што тоа ќе продолжи да влијае на засегнатите деца, туку тие влијанија ќе се почувствуваат и кај следните генерации.

УНИЦЕФ продолжува да работи со своите партнери од централната и локалната власт, граѓанското општество, приватниот сектор, меѓународните организации и билатералните донатори за да постигне СИТЕ деца да имаат придобивки од развојот на земјата.



**Шелдон Јет**
**Претставник на УНИЦЕФ**



Само 14 проценти од децата на предучилишна возраст посетуваат формална предучилишна програма. *Дете во градинката во општина Чаир*

# ЗДРАВЈЕТО НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА

Во првите години по стекнувањето на независноста во 1991, рапидниот развој на земјата беше проследен со голем напредок во однос на здравствената заштита на мајките и децата. Стапката на смртност се намали, а стапката на имунизација се зголеми, а тоа се само два од многуте позитивни показатели. Сепак, динамиката на подобрувањата се забави во изминатите години и не успеа да одржи чекор со поширококите економски достигнувања во земјата. УНИЦЕФ работи со Министерството за здравство, невладините организации и други партнери на развојот на стратегии и акциони планови за да и се помогне на земјата да оствари дополнителни достигнувања.

Како што земјата се оддалечуваше од своето социјалистичко минато и поминуваше низ политичка и економска транзиција, иницијативите во здравството помогнаа да се спречат илјадници случаи на непотребна смртност кај децата. Земјата постигна импресивни резултати во намалувањето на смртноста кај децата под 5 годишна возраст, од 36 на 1,000 раѓања во 1990 на 11 на 1,000 раѓања во 2008. Стручното породување во болниците речиси стана униvезално, освен во рамките на ромската заедница. Стапката на имунизација се одржува стабилно на околу 95 проценти во последната деценија. Во 2003, земјата беше прва во регионот која доби сертификат за ерадикација на недостаток од јод. Стапките на ХИВ/СИДА изнесуваат помалку од 0.1 процент.

Но, претстои уште работа. Перинаталната смртност е три пати поголема од просекот во ЕУ, а опфатеноста со имунизација е далеку помала во руралните области и кај некои етнички групи. Светската здравствена организација препорачува жените да имаат најмалку четири лекарски прегледи во текот на бременоста, а сепак националниот просек изнесува 2.8 лекарски прегледи во текот на бременоста. Само четири од десет бремени жени одат на редовни лекарски прегледи во текот на првите три месеци, што претставува клучен момент за спречување на појавата на компликации. Постојат одредени области каде децата не се вакцинирани, со значителен диспаритет кај ромската и албанската заедница, и оние кои живеат во руралните области.

Со цел да се надминат ваквите недостатоци, УНИЦЕФ го подготви Проектот за зајакнување на здравствениот систем, преку кој на Министерството за здравство и на останатите релевантни групации за јавно здравство ќе им се помогне да го подобрат планирањето, буџетирањето и спроведувањето на програмите за јавно здравство за мајките и нивните деца. Тоа вклучува и креирање на долгорочни политики со јасни и интегрирани цели, наместо да се продолжи

со потпирањето на краткорочни проекти кои се дополнуваат од година во година, или пак се отфрлаат како непотребни.

Во пракса, тоа би значело дека како дел од поширокиот план за подобрување на здравствената заштита на мајките и децата, самата мединцинска опрема мора да го задржи нивото според стандардите, а услугите на теренските служби да се прошират. Здравствените професионалци мора да бидат соодветно обучени за да обезбедуваат висок квалитет, а новите вакцини кои се препорачуваат и наставните планови на медицинските факултети и средни училишта да ги следат најновите меѓународни упатства. Притоа, исто така треба да се препознаваат и разликите на регионално ниво, така што медицинските ресурси ќе можат да се распределуваат на начин со кој ќе се обезбедат соодветни ресурси во оние делови од земјата каде е најпотребно.

УНИЦЕФ исто така работи на еден поширок план за исхрана за справување со анемијата, која претставува една од најголемите причини за компликации во текот на бременоста. Еден дел од оваа стратегија вклучува и анкета на околу 8,000 домаќинства за да се направи проценка на квалитетот на нивната исхрана. Резултатите од ова истражување ќе помогнат да се одреди опсегот на предвидената програма за фортификација на брашното поддржана од УНИЦЕФ, со која ќе се обезбеди цврстите прехрамбени производи да содржат соодветни минерали и витамини за да се подобри здравјето на мајките и за да се намали бројот на компликации при породувањата.



Мајка и дете во село Студеничани за време на посета на патронажната сестра

## 1.1 Велес: Предводник во програмата за имунизација на УНИЦЕФ

Во годините по стекнувањето на независноста, кога земјата повеќе не беше дел од сеопфатната програма за имунизација на Југославија, одговорните во здравството се потрудија да изнајдат нови решенија за вакцини и да подготват национална програма за вакцинација речиси од почеток. За жал, сите деца не беа вакцинирани во тоа време, факт кој неодамна беше потврден кога се појави епидемија од заушки меѓу адолесцентите - болест која би била спречена доколку тие биле вакцинирани години претходно.

Стапките на имунизација се сега нешто повисоки од 90 проценти во поголемиот дел од земјата и кај најголемиот број население без оглед на етничката припадност и социјално потекло, што делумно е благодарение на фактот што УНИЦЕФ обезбеди големи количини на вакцини и помогна на владата да развие ефективна програма за имунизација.

Со помош на УНИЦЕФ, владата беше во можност да одржи одржлив систем за набавки на вакцини. Неодамна, УНИЦЕФ стави акцент на развојот на теренските служби за имунизација на нерегистрираните деца и луѓе кои често се преселуваат, како и на оние кои живеат во руралните и одалечените области. Наместо да се чека пациентите самите да ги посетуваат болниците за да бидат вакцинирани, УНИЦЕФ работеше со владата за да се обезбедат вакцини во центри во заедниците или пак на други локации.

Придржувајќи се кон својата цел за развој на долгорочни стратегии, УНИЦЕФ помогна да се финализира петгодишната Национална стратегија за имунизација, која отпочна да се спроведува во 2010. При подготовките, во 2008 УНИЦЕФ направи проценка на состојбата со програмата за имунизација во земјата, вклучително и проценка за набавките и дистрибуцијата на вакцини. Со заложби од страна на УНИЦЕФ, владата ќе започне со дистрибуција на поливалентни вакцини, така што ќе нема потреба децата да се враќаат за втора или трета доза. Тоа исто така ќе го намали товарот за родителите, а на лекарите ќе им се овозможи да располагаат со повеќе време за теренските услуги.

Со Стратегијата за имунизација, исто така се предвидува зајакнување на улогата на патронажните сестри и воведување на интергриран електронски регистар за имунизација кој ќе се користи за да се подобри планирањето и предвидувањето, и исто така ќе претставува алатка за поединечно следење на опфатеноста со имунизација.

Градот Велес, кој се наоѓа на одалеченост од еден час возење јужно од главниот град, дава краток увид за тоа како владиниот систем за имунизација се подобри под водство на УНИЦЕФ, и кои подобрувања ќе бидат направени во иднина.

Лекарите во главната болница секој ден вакцинираат по околу 60 новороденчиња, а стапката на имунизација на деца со пречки во развојот е многу поголема во споредба со други места во земјата. Според кажувањата на Радица Димовска, главна партонажна сестра, за да ги опфатат невакцинираните деца, девет патронажни сестри одат од врата на врата за да ги идентификуваат новородените деца, особено оние кои не се регистрирани при нивното раѓање,. Како резултат на ваквите заложби, стапката на имунизација во Велес е помеѓу највисоките во земјата и изнесува 95 проценти.

За жал, сите болници не ги остваруваат истите резултати. Лекарите и медицинските сестри се помалку на број од потребното, особено во руралните заедници, а на некои болници им недостасуваат возила за да

ја вршат теренската работа. Исто така, постои една нерамномерна соработка помѓу здравствените центри  и локалните непрофитни групи кои можат да ја подигнуваат свеста за потребата од имунизација во одалечните и посиромашни заедници, и кај некои етнички групи.

Медицинските сестри од Велес кажуваат дека луѓето во Гусалково, земјоделско село каде што живеат етнички Албанци,  сметаат  дека нивните насади со тутун се поприоритетни од  потребите на децата. Оттаму, подигнувањето на свеста за значењето на обезбедувањето на имунизација за децата претставува главна компонента на повеќегодишната стратегија за имунизација која беше формулирана со поддршка од УНИЦЕФ.

“Иако стратегијата за имунизација вклучува планови за подобрување на ефикасноста од страна на понудата во рамките на програмата за имунизација, се прифаќа дека исто така мора да се работи и на пречките на страната на побарувачката,” вели Игор Вељковиќ, раководител на програмата за здравство во УНИЦЕФ.



Во болницата во Велес педијатарот се труди да го опушти малиот пациент пред редовниот преглед

## 1.2 Безбедно мајчинство: Болници пријатели на бебињата

Еден од најефективните начини за намалување на стапката на смртност кај децата и подобрување на здравјето на новороденчињата е да се прошират службите за бремени жени. Иако стапката на смртност кај децата под пет годишна возраст е многу намалена, земјата сé уште има една од највисоките стапки на перинална смртност (мртвородени и новороденчиња што починуваат во првата недела по раѓањето) во Европа, со 14.6 смртни случаи на 1,000 раѓања, или околу три пати повеќе од просекот во ЕУ.

УНИЦЕФ работи со владата за да се подобри состојбата преку развој на нови програми за обука на здравствените работници, заложби за подобра опрема во породилиштата, и обезбедување на дополнителни алатки за патронажните сестри во земјата, кои честопати се наоѓаат во најдобра позиција за да им помогнат на бремените жени.

Во една сеопфатна ситуациона анализа на перинаталната заштита во земјата, УНИЦЕФ утврди дека многу бремени жени не се регистрирани кај гинеколог, и многу поретко посетуваат лекар отколку што е потребно. Во просек, бремените жени добиваат само 2.8 лекарски прегледи наместо четири прегледи, како што препорачува Светската здравствена организација. Исто толкава загриженост претставува и фактот што само четири на десет бремени жени одат на редовни лекарски прегледи во текот на првите три месеци од бременоста, кога може да се спречат многу ризици кои може да се појават во текот на второто и третото тримесечје, како и во текот на породувањето.

При редовните прегледи, лекарите и медицинските сестри можат да ги спречат проблемите како што се раѓање под нормалната тежина, инфективни заболувања и висок крвен притисок. Понекогаш едноставно преку откривање на анемијата кај бремените жени и подобрувањето на нивната исхрана може да се намалат ризиците. Исто така, бремените жени може да се убедат да се откажат од пушењето, што претставува главна причина за раѓање под нормалната тежина.

Да ја земеме за пример Елизабета Ристова. Болницата во нејзиниот град Виница е сертифицирана како болница пријател на бебињата, што значи дека лекарите и нивните болници ги следат стандардите усвоени од страна на УНИЦЕФ и СЗО. Во текот на четирите лекарски прегледи, лекарите открија дека кај неа има покачен крвен притосок предизвикан од бременоста, и таа беше изложена на ризик од еклампсија, состојба која може да предизвика напади, па дури и смрт на мајката и нејзиното дете.

“Разбрав колку е  сериозен проблемот, и затоа сум многу благодарна што можеа да го дијаностицираат на време,” рече Елизабета.

Од претпазливост, Елизабета беше испратена на државната клиника во главниот град Скопје, која е најдобро опремена за справување со било какви потенцијални проблеми. Таму, нејзиниот син беше роден предвремено и со тежина 1.6 килограми што е под нормалната. Тој беше ставен во инкубатор и со текот на времето дојде до подобрување.

Сепак, само неколку дена пред да се породи Елизабета, друго новороденче почина од сериозна срцева аномалија, состојба која доколку била рано откриена можела да биде спречена.

За да одговори на постоечките јазови во системот, УНИЦЕФ го поддржа развојот на Националната стратегија за безбедно

мајчинство. Дел од стратегијата вклучува и зголемување на ресурсите за патронажните сестри, така што тие ќе можат да допрат до бремените жени во економски маргинирализираните заедници, како што се ромските заедници , или во одалечените краеви од земјата, од каде е тешко редовно да се посетува лекарска ординација. Каква што е сегашната состојба, само половина од сите бремени жени имаат придобивки од теренската работа на патронажните сестри.

УНИЦЕФ ги ажурира насоките за обука на здравствените професионалци за да се обезбеди сигурност дека тие добиваат континуирана едукација и дека нивната работа е усогласена со најновата клиничка пракса. Некои од насоките за обука целосно се ревидираат за прв пат по многу години. УНИЦЕФ помага да се ажурира наставниот план во медицинското училиште, така што следната генерација на лекари и медицински сестри ќе располага со најдобрите можни алатки.



Во чекалната во велешката болница

# РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ И КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

Камен темелник на секое општество претставува неговиот образовен систем бидејќи тој помага во подигањето идни генерации без предрасуди, кои се способни да градат енергична држава. Работата околу образувањето на идните граѓани започнува многу рано, во домот со семејството и потоа во предучилишните установи и основните училишта. Оваа земја има постигнато голем напредок во последните две децении по независноста; на пример, 92 проценти од децата сега посетуваат основно училиште, а владата се надева дека ќе успее да постигне универзален опфат до 2015.

Но, недоволното инвестирање во образованието со години доведе до нефункционални објекти, немотивирани наставници, и лоши резултати од успехот од учењето кај учениците. Покрај тоа, само 14 проценти од децата на предучилишна возраст посетуваат формална предучилишна програма, што е една од најниските стапки во југоисточна Европа. Тоа делумно се должи на тоа што некои родители погрешно гледаат на градинките како на дневни центри за грижа, но исто така и бидејќи градинки има само во 40 од вкупно 84 општини во земјата.

Само 15 проценти од децата со пречки во развојот посетуваат основно училиште. Само 60 проценти од ромските деца се запишуваат во основно училиште, додека пак само 40 проценти од нив го завршуваат училиштето што е многу помал процент отколку кај другите групи. Забележаните јазови, исто така постојат кај ромската и другите етнички заедници и во однос на посетеноста на средните училишта.

Со поттик од страна на УНИЦЕФ, владата започна да го зголемува инвестирањето во квалитетот на образованието, не само затоа што тоа е право на детето, туку бидејќи тоа претставува клуч за развој на човечкиот капитал.

УНИЦЕФ и помогна на владата околку создавањето на националната политика за ран детски развој, која кога ќе се имплементира ќе овозможи зголемен пристап до квалитетно предучилишно образование. Оваа политика се заснова на разбирањето дека од денот на раѓање, па се до првиот ден во основно училиште, децата ги развиваат вештините кои им се потребни за да бидат успешни на училиште. УНИЦЕФ помогна да се воведат теренски услуги за ран детски развој, вклучително и програми за едукација на родители и групи за играње за деца.

Со поддршка од УНИЦЕФ, земјата исто така ја прифати иницијативата за Училиште по мерка на

детето, која претставува холистички пристап кон образовните реформи втемелен врз правата на децата. Иницијативата опфаќа шест стандарди и показатели: инклузивност; ефективност; родова поставеност; здрава, безбедна и заштитувачка средина за девојчиња и момчиња; демократско учество на децата, наставниците, родителите и членовите на заедницата, и почитување на правата на децата и мултикултурализмот.

Ограниченото инвестирање во професионалниот развој на наставниците со години го поттикна УНИЦЕФ да се поддржат наставниците и развојот на наставни планови за да се работи на подобрување на квалитетот. Честопати, акцентот во училницата се става на стекнување на знаење преку помнење, наместо преку развивање на вештини за критично размислување. Тоа е една причина зошто учениците од земјава се рангирани некаде на дното во истражувањата за познавање на математика и писменост во Европа.

УНИЦЕФ, исто така обезбедува поддршка за предметот образование за животни вештини како задолжителен предмет и други воннаставни активности за мултикултурализам, за да им се помогне на децата да се справат со насилството и да се промовира различноста и почитувањето помеѓу етничките групи.



Дете кое црта во скопската градинка „Братство“

## 2.1. Ран детски развој: Подготовка на децата за училиште

Еден од најкритичните периоди од детскиот развој се јавува на возраст од раѓањето до шест години. Неодамнешното истражување поддржано од УНИЦЕФ за Стандардите за развој на рано учење во земјата покажа дека фокусираноста била на физичката добросостојба и моторен развој кај децата, и дека недоволно внимание се посветува на когнитивните, социјалните и емоционалните вештини.

Детските градинки се единствениот тип на ран детски развој кој го плаќа државата, со што се покриваат 85 проценти од трошоците. И покрај тоа, некои родители не можат да си дозволат да ги праќаат своите деца во детска градинка. Други родители, пак на детските градинки гледаат како на нешто повеќе од центри за детска грижа.

Од таа причина, УНИЦЕФ и помага на владата да развие национална политика за Ран детски развој. Покрај проширувањето на услугите кои се нудат во 44 постоечки детски градинки, политиката има за цел да се додадат повеќе центир за ран детски развој кои се базирани во заедниците. Откако ќе се спроведе, со политиката за ран детски развој, на родителите ќе им се овозможат повеќе вештини за родителство, а децата ќе се стекнат со подобри социјални вештини и доверба.

Само 14 проценти од децата на предучилишна возраст посетуваат формална предучилишна програма, што е една од најниските стапки во регионот. Затоа УНИЦЕФ, преку своите проекти за ран детски развој, поддржува неколку иницијативи за да се обезбеди дека децата ги добиваат можностите за учење и развој кои им се потребни.

УНИЦЕФ помага да се зголеми пристапот до предучилишните служби во 20 центри ширум земјата. Еден од тие центри се наоѓа во малото село Логоварди, каде што УНИЦЕФ им помогна на локалните власти и на родителите да ја трансформираат разрушената зграда во центар за ран детски развој. (Тој центар сега го води општина Битола.)

Таму, родителите учат вештини за родителство, а децата од сите возрасти имаат пристап до дневна грижа, основно образование и социјални активности. Овој центар опслужува околу 100 деца од селото. Мајките можат да ги донесат тригодишните или помали деца два пати во седмицата во групите наменети за играње, додека пак 18 деца од селото на возраст од три до шест години можат да го посетуваат центарот три пати во седмицата за двочасовна сесија.

“Еден апскет од нашите актвности е да ги подготвиме за училиштето преку учење на вештини за букви и бројки, како и песнички, годишни времиња и празници,” вели Ратка, наставничка во центарот, чии двајца синови исто така го посетуваат центарот. “Ние ја



стимулираме нивната фантазија преку креативно играње на улоги, раскажување на приказни, и друго.”

Клучен фактор за успешноста на центарот е дека е прифатен од родителите, кои се отворени за нови методи и пристапи кои ги користи Ратка и останатите наставници. На долгоречен план, со оваа соработка ќе се намали диспаритетот помеѓу руралните и урбаните заедници.



Дете во скопската градинка „Братство“

## 2.2. Училишта по мерка на детето: Мултикултурализам и почитување на правата на децата

Една од клучните мисии на УНИЦЕФ во земјата е да се срушат ѕидовите и да се намали диспаритетот помеѓу етничките групи, особено во училиштата и училниците, каде поделеноста е сé поизразена. Ваквата поларизација може да ги зајакнува стереотипите и постојано да се обновуваат тензиите.

За да се прекине овој циклус, УНИЦЕФ промовира мултикултурализам во училиштата во етнички мешаните општини, така што децата може да се стекнат со нова перспектива за тоа како да растат заедно.

Со развивањето на иницијативата Училишта по мерка на детето, осум училишта во Кичево, Струга и Куманово беа избрани за пилот програмата за мултикултурализам на УНИЦЕФ која е дел од заедничката програма на ОН. Програмата вклучува часови по македонски, албански и други јазици, и активности каде децата стапуваат во интеракција со различни етнички групи, како и родители и наставници.

Еден од најдобрите примери во овој нов пристап е основното училиште Сандe Штерјоски од Кичево, каде што заедно живеат Македонци, Албанци, Турци и Роми. Љуљзим Мехмеди, директор на училиштето, работи напорно да ги убеди скептичните родители и наставници дека иднината на училиштето – па дури и иднината на земјата – е во заедничката работа и да се растопат старите граници помеѓу етничките групи.

“На почетокот имавме проблеми со родителите кои реагираа на работите во училиштето,” рече Мехмеди, кој како дете е израснат во етничко албанско село и научил македонски додека посетувал средно училиште во Кичево. “Но, ние постепено ги вклучивме и тие го надминаа тој проблем откако ги информиравме што всушност се случува.”

Пораката за мултикултурализмот е насекаде низ училиштето. Во холот, изложбата на Зелениот клуб има плакати кои се напишани на албански и македонски јазик. Историјатот на училиштето исто така е напишан на двата јазици еден покрај друг. Логото на училиштето е составено од четири раце кои се поврзани во форма на квадрат и го прикажуваат единството помеѓу 800 албански ученици, 350 ромски ученици, 200 македонски ученици, и 200 турски ученици во училиштето.

Децата, со дозвола од нивните родители, ги посетуваат домовите на семејствата од различни етнички групи. Постарите членови на семејството го објаснуваат историјатот на нивната кујна, празниците, верата и други обичаи. Потоа учениците посетуваа цркви и џамии, а во многу случаи тоа го правеа за прв пат.

Неколку ученици кажаа дека сега се среќаваат и си играат многу послободно со децата од другите етнички групи. “Ние различно комуницираме” рече едно момче. “Се наоѓаме и се среќаваме на различни места и потоа се мешаме помеѓу себе.”

Учениците вежбаат играње улоги пред своите родители за да се подигне свеста. Некои од учениците посетуваа настава за втор јазик по албански и македонски. Воспоставени се воннаставни активности, вклучително и настава за учениците за деловни вештини, заштеда на енергија, и други теми кои може да бидат релевантни во нивниот живот подоцна.

Дури и во Кичево, каде програмата е една од најуспешните, проблеми и понатаму има. Некои наставници и родители не сакаат да учествуваат. Популацијата на ученици се намалува, а ромските ученици, кои се од најобесправените семества, не секогаш учествуваат. Финансиите се секогаш затегнати; оваа година буџетот на училиштето

беше намален за 40 проценти, а училиштето се соочуваше со проблеми околу исплатата на сметките за комуналните услуги, рече Мехмеди.
Секои три месеци, Мехмеди го оценува напредокот на програмата со примена на разни одредници кои ги има подготвено УНИЦЕФ, вклучително и само-оценување за наставниците. Исто така, УНИЦЕФ им помага на училиштата, како што е училиштето на Мехмеди, да развиваат акциони планови и да формираат работни групи со наставниците од сите одделенија за да се воведуваат и одржуваат промени, рече Нора Шабани, специјалист за образование од УНИЦЕФ.

Мехмеди се надева дека пораката за мултикултурализмот ќе остане тука. “Навистина сé се врти околу институционалните промени, да се работи преку тимска работа, и да се вклучат локалните власти,” тој рече. “Тоа е клучот за одржливоста.”



Дете кое учествува во програмата за мултикултурализам во ОУ „Санде Штерјовски“ во Кичево

## 2.3. Училишта по мерка на детето: Математика со размислување

Најверојатно ниеден друг предмет не е од толку суштинска важност за добросостојбата на земјата и потенцијалниот развој, како што е тоа математиката. Таа претставува основа на бизнисот, градителството , финансиите, науките, и содржана е и во други академски и економски области. За жал, учениците во земјава ги имаат едни од најслабите резултати на тестовите по математика во Европа, што претставува причина за загриженост.

УНИЦЕФ го анализираше овој проблем во 2009 и утврди дека една од главните причини претставува лошиот квалитет на наставата. Многу наставници продолжуваат да се служат со методи кои се многу попогодни за социјалистичкото минато на земјата, кога едноумието претставуваше цел, за разлика од денешното време кога бизнисите и владата мораат да се натпреваруваат со поснаодливите економски ривали ширум земјината топка.

“Наставниците не ги учат учениците како да размислуваат, туку имаат само механички вежби за да ги добијат вистинските одговори,” рече Нора Шабани, специјалист за образование од УНИЦЕФ. “За да станеме дел од Европа, важно е да бидеме конкурентни. Младите генерации мора да стекнат вистински вештини за да бидат во можност да успеат во оваа сурова средина.”

УНИЦЕФ пронајде решение: Пограмата наречена Математика со размислување, со која се прави промена во учењето на математичките “концепти”. Во 2009, УНИЦЕФ донесе експерти за програмата во земјата, и тие ги обучија наставниците од 50 училишта за теоријата и праксата. Потоа наставниците се вратија во своите училишта и им ја пренесоа програмата на останатите наставници по математика.

Целта беше да се искористи Математика со размислување за да се промени начинот на кој се предава математика во училиштата, и да се подигне нивото на математиката која ја изучуваат учениците. УНИЦЕФ и Министерството за образование одлучија најпрво да се фокусираат на примена на овие нови техники на учениците од прво до трето одделение, пред да се направи националното тестирање за по математика на девет годишна возраст. Новата програма по математика се совпадна со воведувањето на новиот наставен план за основните училишта.

Во својата суштина, Математика со размислување ги подучува учениците да бараат креативни начини за решавање на математички проблеми, а не само напамет да учат некој метод кој им го претставил наставникот. Наместо само да се бараат одговори, од учениците се бара да изнајдат алтернативи и за тоа потоа и се нагардуваат. Наставниците се поттикнуваат да се служат со игри и поинтерактивни методи за да ги инспирираат учениците.

“Ги поттикнуваме децата да размислуваат за математиката и да размислуваат логично, а не само да ги меморизираат формулите,” рече Ленче Стефаноска, една од двајцата наставници во основното училиште во Охрид која беше обучена да им пренесе на своите колеги како да се применува методот Математика со размислување. “Доказ дека овој систем функционира е кога ги задаваме тестовите. Учениците наоѓаат нови начини да ги решат проблемите.”

Учениците на Стефаноска го прифатија новиот пристап. На часот на кој учеа колку е часот, нејзините 15 осум и девет годишни деца возбудено потскокнуваа од столчињата кога ги прашаа колку е часот на часовникот. “Кога се разбудивте,” праша Стефаноска за еден пример. Речиси сите деца гласно го кажаа одговорот. Таа ги повика и потивките ученици за да ги вклучи и нив, и ги подели во

помали групи за да се направи натпревар. “Тие сакаат да бидат побрзи и да се проверуваат помеѓу себе,” рече таа.

УНИЦЕФ и владата сега вршат мониторинг на програмата за да видат што функционирало и што треба да се подобри, и во подготовка се плановите за воведување на Математика со размислување во сите 350 основни училишта во земјата. Исто така во тек се подготовките за да се подобри писменоста преку воведување на слична програма која се нарекува “Читање за разбирање и пишување во почетните одделенија.”



Единаесет годишно момче од ОУ „Братство и единство“ од Охрид учи математика со размислување

# ДЕТСКА ЗАШТИТА

Покрај неодамнешниот постигнат напредок, децата ширум земјата сé уште страдаат од злоупотреба, експлоатација и насилство. Шест проценти од децата под пет годишна возраст не се регистрирани при раѓање, со што се ограничува нивниот пристап до јавните услуги. Децата се злоупотребуваат дома и на улиците, каде што некои од нив живеат и работат. Сирачињата, децата со пречки во развојот и други, живеат во големи институции каде грижата не е соодветна. Децата кои се обвинети дека го прекршиле законот честопати се сместуваат во затвори во кои недостасува грижа за рехабилитација. Повеќе заложби треба да се направат за да се обезбеди превенција и рехабилитација за тие деца.

Проблемот е од голем размер. Земјата има втора најголема стапка на малолетничко престапништво во регионот по Бугарија, според Извештајот на УНИЦЕФ за Изгубени во системот на правдата (2007). Другите истражувања покажуваат дека околу 70 проценти од децата на возраст од 2 до 14 години се изложени на некаква физичка или психолошка злоупотреба во домот или од страна на негувателот; 16 проценти се изложени на сериозно телесно казнување.

За да се справи со овие проблеми, УНИЦЕФ и помага на владата да ги зајакне законите за детска заштита, регулативите и стандардите; да се обезбеди обука за лицата кои ги применуваат законите; да се воспостават бази на податоци за поефикасно споделување на информации и подобрување на мониторингот за да се осигура квалитетот на услугите кои се обезбедуваат.

Законска рамка за решение на повеќето од овие проблеми претставува амбициозниот закон за малолетничка правда кој стапи на сила во 2009,и со кој за прв пат децата се третираат посебно од возрасните, и кој има за цел да им помогне на децата кои се изложени на ризик. УНИЦЕФ не само што и помогна на владата околу подготовката на овој закон, туку исто така помогна и околу развојот на планот за негова имплементација од повеќе аспекти.

Планот вклучува настава за социјалните работници, полициските службеници, правниците, медијаторите, судиите и обвинителите околу примената на законот. УНИЦЕФ подготви материјали за наставниот план, за програмите за обука и наскоро ќе разработи прирачници за да се обезбеди сигурност дека сите професионалци кои работат со деца располагаат со знаење како да се спроведе законот. УНИЦЕФ, исто така работи со меѓуминистерскиот совет за подготовка на Стратегија за спречување на малолетничкото престапништво.

Еден од најголемите предизвици да им се помогне на децата кои се во судир со законот не е само да се задржат надвор од притвор, туку и да се изнајде друг начин на поддршка за нив. За таа цел, УНИЦЕФ работи со локална невладина организација на развој на програма за менторство за доброволци кои би дејствувале како големи браќа и сестри.

УНИЦЕФ му помага на Центарот за социјална работа да креира база на податоци со која ќе се следат децата на кои им е потребна заштитна грижа. Во моментов, целата работа околу документацијата се врши рачно, притоа не се обезбедува доследност и честопати не се опфаќаат потребните информации. “Информациите се разликуваат од еден до друг работник, така што не постои веродостоен извор на податоци,” рече Билјана Лубаровска, раководител

на програмата за детска заштита во УНИЦЕФ.

Традиционално, децата на кои им недостасува родителска грижа, кои имаат пречки во развојот или кои биле жртви на злоупотреба се сместуваат во големи институции, каде им се посветува несоодветно внимание. УНИЦЕФ претполага затворање или трансформација на таквите институции, и кога децата не можат да се спојат повторно со биолошките родители, се обезбедува поддршка на привремена основа со користење на дом семејства или мали групни домови каде на децата може да им се обезбеди поиндивидуална грижа.

За родителите кои се грижат за своите деца со пречки во развојот, УНИЦЕФ финансираше основање на еден пилот дневен центар за грижа во кој има посебно обучени социјални работници. Моделот се покажа за доста успешен, така што сега во земјата има вкупно 21 центар. Од суштинска важност е што владата го презема управувањето и планира да отвори и нови центри. УНИЦЕФ работи со центрите за да се обезбеди квалитетот во грижата која се обезбедува.

Сепак, социјалните работници се и понатаму преоптоварени и недоволно платени. Иако бројот на стручни социјални работници во земјата е зголемен за 17 проценти помеѓу 2006 и 2008, многумина од нив продолжуваат да работат и понатаму на стотици случаи и можат помалку од половина од своето време да го посветат на тимска работа. Работата беше усложнета, а големите буџетски намалувања беа предизвикани од економската криза. Како што земјата станува сé попросперитетна, се намалува странската помош, а со тоа се намалува финансирањето на овие и други услуги за детска заштита.

УНИЦЕФ продолжува со посветеност на програмата за детска заштита, која претставува втора по големина програма на УНИЦЕФ во земјата по образованието и раниот детски развој. Организацијата планира и понатаму да ги развива програмите за обука на социјални работници и да работи на изготвување посебни модули за децата од улица и други високоризични групи. Информациите во новата база на податоци на службите за детска заштита треба да помогнат при создавањето на поефективни политики, како и индивидуалната работа на предметите да биде поефикасна.



Сиромашни ромски деца во едно скопско предградие

## 3.1. Семејство за најзапоставените деца

Кога осумгодишната Лена заврши со пеењето, членовите на нејзиното семејство почнаа да аплаудираат - сите, започнувајќи од нејзината 20-годишна сестра Ана, па сé до нејзината баба Ирена. Сцената изгледа сосема вообичаено, но необична ја прави само една поединост: Лена е дете со даунов синдром сместено во згрижувачко семејство.

Лена ја напуштиле нејзините биолошки родители и таа ги поминала првите четири години од својот живот во државна институција со недоволен број вработени кои соодветно би се грижеле за децата со пречки во развојот. Пред околу пет години, Зоица, мајка на две деца од градот Крушево, на телевизија виде прилог за институцијата во која беше сместена Лена, и тоа силно ја погоди. Таа и нејзиниот маж Ванчо одлучија дека имаат соба за уште едно дете.

Откако се пријавија во локалниот Центар за социјални работи за да станат родители во згрижувачко семејство, тие чекаа повеќе од две години – што не е невообичаено долго – за да ја добијат Лена. Тие не знаеја какви пречки во развојот ќе има нивното дете, и беа вознемирени кога дознаа за пречките во развојот на Лена.

Иако добија обука за основни родителски вештини, Зоица и Ванчо не беа потполно подготвени кога Лена ќе покажеше збунетост или страв.

УНИЦЕФ работи со Министерството за труд и социјална политика за надминување на овие и други недостатоци, како што е недостигот на стандарди и обука која ќе им помогне на социјалните работници во воведувањето алтернативни форми на служби за грижа и поддршка.

За таа цел, во 2006, УНИЦЕФ помогна да се воспостават основните стандарди за потенцијалните родители во згрижувачките семејства и подготви програма за регрутирање за Центарот за социјална работа.

Овие заложби претставуваа дел од тековните заложби на УНИЦЕФ да во промовирање на деинституционализацијата. Истражувањата покажуваат дека детето многу подобро се развива во грижлива семејна средина. Од таа причина, УНИЦЕФ работи повторно да ги соедини децата со нивните биолошки родители, и кога не постои можност за тоа, тоа соединување да се направи на привремена основа со родители од згрижувачко семејство.

Друг столб на заложбите на УНИЦЕФ за деинституционализација претставуваат дневните центри за грижа, како оној кој го посетува Лена во Крушево. Овие семејни центри за поддршка на родителите кои имаат деца со пречки во развојот им обезбедуваат можност да направат пауза од грижата за своите деца, кои и самите имаат место на кое може да добијат терапија, како и поддршка за да ги подобрат своите знаења и вештини кои ќе им овозможат да се запишат во редовниот образовен систем.

Како што покажува примерот со Лена, постојат одговорни семејства кои чекаат можност да згрижат дете во своето семејство. Со помош на заложбите на УНИЦЕФ за надминување на слабостите на системот, на останатите семејства ќе им биде полесно да ги отворат своите врати – и срца – за згрижување на други деца.



Истражувањата покажуваат дека  детето многу подобро се развива  во грижлива семејна средина. *Татко и дете во Струмица*

## 3.2. Повеќе грижа, помалку документи: Еден ден од животот на социјалниот работник

8.30 часот; започнува уште еден напорен ден во Центарот за социјални работи во Прилеп. Затегнатите буџети и нејасната поделба на трудот значи дека покрај работата на предметите за кои тие се обучени, социјалните работници Смиљка, Љиљана и Зоран се дават во работа на документација и задачи кои останатите помалку обучени вработени можат лесно да ги завршат. Како и нивните соработници во странство, оваа тројка поддржува ранливи групи, сложена и временски обемна работа за која се потребни конкретни вештини и повеќе државни агенции. Но, бидејќи тие се недоволно на број, овие тројца социјални работници исто така вршат и распределба на чековите за парична помош и вршат и други  основни задачи. Во Центарот за социјални работи во Прилеп, 30 вработени на неопределено време и 6 вработени на определено време вршат идентификување, потврдување и администрација на социјалната помош за околу 9,000 луѓе.

Бројот и типот на пријавени случаи брзо се зголемува. Центарот во Прилеп работи на околу 180 случаи на разводи во една година, околу 30 случаи на домашно насилство, и околу 90 случаи на деца изложени на ризик кои го прекршиле законот. Покрај тоа, центарот обезбедува поддршка на околу 300 деца со пречки во развојот, и 40 корисници на дрога на кои им е потребно лекување. Пред неколку години, во центарот се пријавуваа по неколку случаи или воопшто не се пријавуваше ништо.

Иако бројот на квалификувани социјални работници во земјата е зголемен за 17 проценти помеѓу 2006 и 2008, социјалните работници во Прилеп работат на по 700 предмети секој од нив поединечно, што е пет пати повеќе од националниот просек.

Работата ни е многу “стресна, треба да се квалификуваме за бенифициран стаж,” се шегува Смиљка, која кажа дека клиентите знаат да бидат гласни, агресивни или некомуникативни.

УНИЦЕФ и Министерството за труд и социјална политика се обидуваат да ја поправат ваквата нерамнотежа преку развој на оперативни стандарди за социјалните работници, креирање на база на податоци за раководење со случаите за центрите за социјална работа, и создавање на програма за професионален развој за да се обучуваат вработените.

Во моментов, социјалните работници кои се обучени за практична работа со вулнерабилни групи поминуваат околу 40 проценти од своето работно време на терен, а останатиот дел од времето го поминуваат во канцеларија.

Центарот за социјална работа во Прилеп и неколку други центри, со охрабрување од страна на УНИЦЕФ, почнаа да ги преструктуираат своите канцеларии така што некои од вработените ќе можат да вршат администрирање на социјалната парична помош, а останатите ќе можат да се фокусираат на конкретни задачи од областа на социјалната заштита.

Покрај залужбите за преструктурирање кои започнаа во 2007, Центарот за социјална работа во Прилеп сé уште е значително преоптоварен со работа. Но, социјалните работници таму се надеваат дека со текот на времето ќе имаат на располагање повеќе време за теренска работа за да им помагаат на родителите подобро да се грижат за своите деца, и за да се откријат и поддржат семејствата и децата кои се изложени на ризик. Тоа пак, за возврат треба да го намали бројот на случаи на детска злоупотреба, малолетнички криминал, и деца кои се напуштени.

“Можеби на крајот ќе имаме подебели досиеја, но така тие ќе бидат многу подетални” рече Снежана, директор на центарот во Прилеп. “Со помал број на индивидуални случаи, ќе бидам во можност да посветам повеќе време да им помагам на децата и семејствата кои имаат потреба.”



Социјална работничка во Прилеп загушена во документи

## 3.3. Градење на правосуден систем за деца

На периферијата на главниот град Скопје, Ранка Миловановиќ е место каде се сместени 37 деца на возраст помеѓу 7 и 18 години. Некои од нив имале проблеми со законот и сите тие се изложени на ризик доколку програмите за рехабилитација и реинтеграција во оваа институција за грижа за малолетници се покажат за неуспешни.

Овој објект од полу-отворен тип е осмислен за да им пружи втора шанса на овие деца преку обезбедување на основно образование , додека пак постарите штитеници посетуваат средни училишта во градот.

Сепак, недостигот на комуникација помеѓу државните агенции значи дека овие деца се оставени сами на себе без соодветни начини за мерење на нивниот напредок. Министерството за труд и социјална политика раководи со институции, како што е Ранка Милановиќ, а кои пак работат со локалните центри за социјална работа. Но, преоптоварените со работа социјални работници честопати не се во можност да го распределат потребното време за да ги следат децата.

Постои дури и одредена конфузија во однос на тоа со какви случаи треба да се работи во овие институции. На пример, жртвите на злоупотреба не треба да се сместуваат заедно со деца кои се прекршители на законот. Неверојатно е тоа што некои деца сами се имаат пријавено во овие институции.

Во еден ваков изолиран простор, постарите штитеници ги злоупотребуваат помладите. Воспитувачите немаат време да контролираат што децата носат со себе – вклучително и украдени предмети – во институцијата. Децата на возраст од десетина и повеќе години слободно пушат во отворените делови од објектот. Објектот располага со неколку можности за забава.

Новиот закон за малолетничка правда разработува многу од овие прашања. Вработените во Ранка Миловановиќ и останатите институции треба да бидат обучени и да бидат запознаени со правата на децата. Ќе бидат воведени нови превентивни мерки, вклучително и образовни, стручни и рекреативни активности.

Создавањето на инфраструктура за примена на законот претставува предизвик. Затоа УНИЦЕФ работи со Министерството за правда и со Министерството за труд и социјална политика за да се воведат образовни и стручни програми кои ќе помогнат да се спречи малолетничкото престапништво. УНИЦЕФ поддржува курсеви за обука за професионалци кои работат со деца. УНИЦЕФ, исто така развива стандарди кои се од суштинско значење за спроведувањето на овој систем.

Откако ќе се спроведат овие реформи, институциите како што е Ранка Миловановиќ ќе бидат во можност да се осигураат дека ќе се примаат само оние деца на кои им е потребна дополнителна поддршка, и дека институциите се опремени да им обезбедуваат услуги за рехабилитација и реинтеграција на децата.

На поопшто ниво, УНИЦЕФ поддржува алтернативни решенија за големите институции како што се помали групни домови и згрижувачки семејства.



Според показателите на национално ниво, јасно е дека децата многу повеќе се соочуваат со сиромаштијата отколку било која друга возрасна група.
*Ромско дете кое живее по улиците на Скопје*

# УПРАВУВАЊЕ ФОКУСИРАНО НА ДЕТЕТО

Од 2003 година земјата забележува стабилен напредок во економскиот развој. Меѓутоа, создавањето на богатство беше нерамномерно. Прифаќајќи дека децата се помеѓу најсиромашните демографски групи, УНИЦЕФ работеше со владата и останатите партнери за и децата да имаат придобивки од таквиот развој.

Според показателите на национално ниво, јасно е дека децата многу повеќе се соочуваат со сиромаштијата отколку било која друга возрасна група.

Со последните статистички податоци на национално ниво се истакнува дека околу 37 проценти од децата живеат под прагот на релативната сиромаштија.

Меѓутоа, пречка за овозможување на таквиот економски развој да биде од корист за децата е слабата поврзаност помеѓу отчетноста, планирањето и расходите. Особено често, ограничена е способноста на одговорните лица кои ги планираат политиките во земјата за да се распределат јавните ресурси на местата каде што се најпотребни, а тоа се должи на недоволно прецизни и групирани податоци како и недостиг на знаења за најдобрите практики.

Преку обезбедување на техничко водство, подготовка на нови студии за најдобрите практики и градење на капацитетите на соработниците, УНИЦЕФ ѝ помага на владата да ја оствари таквата поврзаност.
На национално ниво, УНИЦЕФ работи со Националната комисија за правата на детето (НКПД) – меѓуминистерско тело кое е одговорно за следење на правата на детето и за спроведување на националниот акциски план за подобрување на усогласеноста на земјата со Конвенцијата за правата на детето на ОН.

Членовите на комисијата беа обучени од страна на УНИЦЕФ во однос на следењето и известувањето за правата на детето. УНИЦЕФ сега работи со нив на подобрувањето на нивната ефикасност и транспарентност, и обезбедува техничка помош за да се подготват активности со кои ќе се опфатат неодамнешните препораки на Комитетот за правата на детето на ОН.

УНИЦЕФ исто така изнесува докази и собира знаења за најдобрите практики на глобално ниво за економски и социјални политики кои се насочени кон децата и сиромашните. Некои од неодамнешните студии вклучуваат и студии за сиромаштијата кај децата, јавни трошоци фокусирани на децата, и за добросостојбата на децата во економски тешки времиња. Не само што овие студии фрлија светлина врз состојбата со децата во земјата, туку на носителите на политики им обезбедија можни решенија за да се обезбеди дека буџетските распределби и политики се поправични и имаат поголемо влијание.

На локално ниво УНИЦЕФ работи со општините за да се зголеми способноста на локалните политичари и функционери, така што прашањата поврзани со децата ќе добијат централно место во планирањето на локално ниво.

Преку иницијативата Општини по мерка на детето, УНИЦЕФ им помогна на 11 општини да основаат комисии за правата на детето и им обезбеди алатки со кои ќе можат да прибираат и анализираат податоци за состојбата со децата во нивните региони, и за подготовка на локални акциски планови за справување со проблемите со кои се соочуваат децата.

Исто така, УНИЦЕФ ги обучи администраторите од секоја од овие општини во врска со правата на детето, како да се разгледуваат законите на локално ниво од аспект на децата, и како да се следат показателите како што е стапката на смртност кај децата на локално ниво, што ќе им помогне да го следат нивниот напредок. За да децата посилно го истакнуваат својот глас, УНИЦЕФ исто така го поддржа и основањето на младинските совети во 11 општини.



На локално ниво УНИЦЕФ работи со општините за да се зголеми способноста на локалните политичари и функционери, така што прашањата поврзани со децата ќе добијат централно место во планирањето на локално ниво. *Семејство во Тетово*

## 4.1 Невидливи за државата: Проблемот со регистрирање при раѓање

Битола, вториот по големина град во земјата е релативно богат. Сепак, на северниот крај на градот најголемиот дел од ромската популација живее во трошни домови долж калливи улици преполни со смет. На некои места, условите се толку лоши што луѓето ги кршат знаците на локалните патишта и потоа ги продаваат како старо железо. Немаштијата е речиси ендемична. Статистиката покажува дека два и половина пати е поголема веројатноста дека Ромите живеат во сиромаштија во споредба со останатите во државата.

Повеќе од 8 проценти од родителите Роми не ги пријавуваат своите деца при раѓање, споредено со шест проценти во рамките на целата популација, бидејќи тие се сомневаат во владата, не разбираат кои се придобивките од регистрирањето, и не можат да си го дозволат плаќањето на потребните давачки. Многу Ромки, исто така се пораѓаат дома без присуство на лекар или друго стручно медицинско лице.

Без соодветно да бидат регистрирани, ромските деца не можат да се квалификуваат за социјална помош, здравствена заштита (вклучително и имунизација), и образование. Само шест на десет деца се запишуваат во основно училиште, а веројатноста е дека две од нив ќе го напуштат училиштето. Од четири деца кои го завршиле основното училиште, само три се запишуваат во средно училиште, и само две од нив посетуваат настава.

За да се прекине овој циклус, УНИЦЕФ дава поддршка за напорите да се зголемат стапките на регистрирање при раѓање, особено кај Ромите. Преку работата со неколку НВОи, УНИЦЕФ го идентификуваше опсегот на проблемот околу регистрирањето на децата, и ја подигнува свеста за овој проблем кај пошироката јавност.

Во рамките на еден проект кој се спроведуваше во 2009, беа утврдени 840 деца кои немаат извод од книгата на родените во 24 општини. Честопати родителите на тие деца исто така не се регистрирани и живеат во сиромашни домаќинства.

Да ја земеме за пример Самира, 10-годишно девојче кое има шест браќа и сестри. Никој не е вработен во нејзиното семејство, со кое живее и нивната баба. Самира била родена дома без присуство на лекар, а бабицата која помогнала при породувањето умрела многу наскоро потоа. Раѓањето на Самира никогаш не било регистрирано, и затоа таа не може да посетува училиште. Нејзиниот помлад брат, Леон, бил роден во болница, но сепак и тој нема извод од книгата на родените.

“Семејството едноставно немаше пари за да плати за процесот на регистрирање,” вели Гоце Тошев, теренски работник од локалната НВО, која работи во партнерство со УНИЦЕФ на идентификување на децата кои не се регистрирани.

УНИЦЕФ смета дека обезбедувањето на еднократни инцијативи за родителите да ги регистрираат своите деца, или пак воведувањето на големи казни за семејствата кои нема да го направат тоа е контрапродуктивно. Наместо тоа, УНИЦЕФ работи на воспоставување на одржливи програми за да се олесни регистрирањето на децата преку својата иницијатива Општина по мерка на детето.

Овој план обезбедува алатки за транспарентно и партиципативно носење на одлуки, каде гласот, приоритетите и правата на децата се интегрирани во локалните политики и програми. Новооснованите Комисии за правата на детето на општинско ниво ја следат состојбата со децата и креираат политики кои се однесуваат на

потребите на најранливите. Во Битола, на пример, Комисијата за правата на детето подготви ситуациона анализа и акционен план во кој е вклучено прашањето на нерегистрираните деца на агендата на локалната самоуправа.

Со овој системски пристап треба да се намали бројот на нерегистрирани деца, и ќе се преземаат превентивни мерки, како што е едукација на родителите за придобивките од регистрирањето, за да се обезбеди сигурност дека ниедно дете не останува невидливо во државата.



Десетгодишната Самира живее во ромската населба Бајро во близина на Битола.
Не оди на училиште, а нејзиното раѓање не е пријавено

## 4.2. Градење на општина по мерка на детето

Во земји како оваа, каде централната власт ги децентрализира надлежностите, и локалните власти располагаат со ограничени човечки или финансиски ресурси, испораката на програми фокусирани на детето на ниво на задницата може да претставува предизвик.

Оттаму, УНИЦЕФ им помага на локалните политичари и фунционери да ги зголемат своите способности да се фокусираат на образованието, предучилишните установи, урбанистичкото планирање и други клучни елементи за општини кои се по мерка на детето.

Во моментов, 11 општини се дел од иницијативата “општини по мерка на детето”, од само шест во 2006. Една од оние кои најдобро функционираат е во Прилеп, петти по големина град во државата каде децата претставуваат една четвртина од населението. Како и останатите општини во програмата, Прилеп формираше своја комисија за правата на детето, која што е составена од членовите на општинскиот совет.

Членовите на комисијата – кои во исто време се училишни директори, наставници, лекари, итн. – добиваат обука од УНИЦЕФ за правата на детето и како да ги гледаат и подготвуваат политиките низ призмата на децата. Со водство од страна на УНИЦЕФ, комисијата во Прилеп подготви локален акционен план, или агенда за проекти по мерка на детето.

Членовите на комисијата исто така добија обука за тоа како да се поставуваат одредници и како да се врши нивни мониторинг, како што се стапката на имунизација и посетеноста на училиштата, со што може да се помогне да се одреди постигнатиот напредок во општината. УНИЦЕФ донираше компјутери и алатки за мониторинг на податоците на 11 општини, така што тие ќе можат да внесуваат податоци за секои од 29 одредници. Тие податоци потоа се мерат во однос на другите градови кои се вклучени во програмата, при што се создава конкурентна средина каде општините се залагаат да го подобрат животот на децата на локално ниво.

Во својот досегашен пет годишен мандат, градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески, не само што ја прифати пораката на УНИЦЕФ, туку ја искористи како платформа за преземање на дополнителни чекори за да се подобри состојбата со децата во градот.

“Имаме огромна почит за УНИЦЕФ, бидејќи ни дава поттик и поддршка за да се осигураме дека децата се во центарот на нашата фокусираност,” рече градоначалникот, покрај членовите на комисијата. “Покрај обуката, УНИЦЕФ дава идеи кои ние можеме да ги спроведеме. УНИЦЕФ им помага на општините да преземаат иницијативи на локално ниво.”

Една од најиздржаните иницијативи по мерка на детето е основањето на младинскиот совет, со што децата добиваат посилен глас во локалната политика. Децата формираа своја комисија, која е проширена за да ги вклучува и учениците од средните училишта. УНИЦЕФ ја поддржува обуката за учениците и младите во единаесет општини за тоа како може да се слушне нивниот глас во процесот на носење на политики на локално ниво и носењето на одлуки кои ги засегаат нив, преку организирање, споделување на идеи, и заедничко поднесување на петиции до општинските законодавци со кои може да се подобрат нивните животи.

Во Прилеп во секое од училиштата се поставени поштенски сандачиња, така што децата и тоа не само оние кои се членови на советот туку и останатите ќе можат да поднесуваат предлози кои потоа се читаат на состаноците на општинскиот совет. Децата,

на пример, предлагаат дека треба да се изградат велосипедски патеки и дека треба да се поправат фискултурните сали. Градот одговори и дејствуваше на двете барања.

Во целина, градот има потрошено повеќе од 5 милиони евра на разни проекти по мерка на детето во текот на изминатите пет години, според градоначалникот Ристески. Тука спаѓа реновирањето на речиси сите училишта во градот, кои се префарбани во пастелни бои за да се разведри расположението на учениците.

Се чини дека градоначалникот ја има земено пораката на УНИЦЕФ при срце, дека инвестирањето во децата не е добро само за децата, туку и за општеството во целина.

“Со млади едуцирани граѓани, општината ќе се развива многу побрзо,” рече градоначалникот. “Тоа е исплатливо на долгорочен план.”



11 општини се дел од иницијативата “општини по мерка на детето”.
*Игралиште во Прилеп*

# МОНИТОРИНГ ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

Дури и најамбициозните стратегии и програми немаат голема вредност доколку не се засноваат на силни докази. Покрај тоа, доколку не се обезбеди мониторинг и евалуација на програмите, не постои начин да се утврди дали тие ги постигнале првичните цели.

Од таа причина УНИЦЕФ помага околу развојот на прецизни, веродостојни и распределени податоци и градење на капацитетите на разни групи за да се постигне разбирање за тоа како да се употребуваат тие информации при вршењето мониторинг на нивните акциски планови и на состојбата со децата во земјата.

Заедно со Државниот завод за статистика и други локални институции кои спроведуваат истражувања, УНИЦЕФ го поддржува прибирањето на податоци во врска со животниот стандард, здравјето, раниот детски развој, образованието, заштитата од болести, ставови во врска со домашното насилство и многу други категории.

Мулти-индикаторското кластерско истражување претставува само еден пример за програма за истражување спроведено во домаќинствата со која на земјите им се овозможува да изготвуваат статистички издржани и меѓународно споредливи проценки за низа на показатели. Тие наоди се опсежно искористени како основа при одлучувањето во врска со политиките како и за програмските интервенции, со цел да се изврши влијание на јавното мислење бидејќи тоа претставува голем извор на податоци за следење на националните и меѓународни развојни цели и обврзаност за децата.

Во земја како нашата каде севкупните статистички податоци покажуваат релативно позитивен вкупен исход во однос на децата, преку обезбедување на податоци распределени според етничкото потекло, квинтили за богатство, и многу други категории, податоците од оваа студија помогнаа да се стекне разбирање и да се оформат програми со кои ќе се допре до најранливите. Тоа претставува клучен дел на пристапот на УНИЦЕФ во програмата заснована на правичност.

УНИЦЕФ исто така им помага на организациите на граѓанското општество и на владината комисија за правата на детето како подобро да се разбираат податоците кои се однесуваат на децата. Еден елемент од таа работа се однесуваше на поддршката за невладините организации кои работат со децата, за да им се помогне околу проширувањето на нивните капацитети за вршење на таа работа. Делумно тоа вклучува и зголемување на нивната способност за прибирање и известување на релевантни статистички податоци, како и споделување на тие статистички податоци со останатите потенцијални сојузници.

Исто така, УНИЦЕФ работи со овие групи на развојот на ригорозни вештини кои се потребни за да се преземе улогата на неофицијален омбудсман, кој ќе биде во можност да врши конструктивни анализи на владините политики. Во 2010, УНИЦЕФ им помогна на група на невладини организации да подготват извештај во сенка за Комитетот за правата на детето на Обединетите нации, кој претставуваше противтежа на извештајот на владата за напредокот кој е остварен во заштитата на децата во земјата.

“НВОи поднесоа извештај во сенка кој е независен од владиниот извештај,” рече Зоран Стојанов, одговорно лице за мониторинг и евалуација во УНИЦЕФ. “На некој начин тоа е направено за да се додаде уште еден глас кон официјалните гледишта на владата и да се обезбеди различно гледање на тоа како да се справиме со предизвиците во земјата.”



УНИЦЕФ помага околу развојот на прецизни, веродостојни и распределени податоци и градење на капацитетите. *Дете во Битола*

## 5.1 Зајакнување на улогата на НВОи во вршењето мониторинг за правата на детето

Мониторингот врз правата на децата може да се врши на разни начини и од страна на повеќе луѓе, вклучително и од страна на владата, невладините организации и другите во грашанското општество. И покрај тоа, еден од најкреативните и најефективните методи е самите деца да учествуваат во мониторингот. Не само што имаат поголема волја слободно да зборуваат едни со други, туку децата преку мониторингот ќе научат повеќе за своите права и ќе развиваат вештини за критично размислување, вклучително и како да ги анкетираат и информираат останатите и да практикуваат да бидат активни граѓани.

Тоа беше замислата децата да ја имаат клучната улога во креирањето на алтернативен, или извештај во сенка за состојбата со правата на децата во земјата. Истражувањето за извештајот беше спроведено во 2009 од страна на алијанса на седум НВОи и беше претставен пред Комитетот за правата на детето на Обединетите Нации во Женева во февруари 2010. Наодите обезбедија една независна проценка на состојбата со правата на децата и владините заложби за нивна заштита и унапредување.

Невладините организации во земјата кои работат на полето на детските права понекогаш во својата работа се служат повеќе со страст отколку со проверени податоци. Затоа УНИЦЕФ ги поддржа нивните заложби за составување на извештајот во сенка кој се заснова на издржани факти, како и да подготват луцидна презентација со која ќе имаат убедлив случај пред Комитетот во Женева.

Тоа беше тежок, но вреден процес, рече Зоран Стојанов, лице одговорно за мониторинг и евалуација на проектот во УНИЦЕФ.

“Тоа не е еднократна активност, туку почеток на програмата за зајакнување на улогата на граѓанското општество за мониторинг, известување и застапување за детските права,” тој рече.

Меѓаши, како една од најстарите и најетаблирани невладини организации за правата на детето во земјата, ја презема водечката улога во алијансата. Беа организрани три сесии за обука со поддршка од УНИЦЕФ и ЕУ во однос на барањата, постапките и механизмот за известување според Конвенцијата за правата на детето.

“На почетокот, се плашевме да ги кажеме нештата,” рече Татјана Јаневска, програмски координатор од Меѓаши. Но, преку УНИЦЕФ, “успеавме да се осигураме дека нашиот извештај се заснова на докази и дека нашите препораки се конкретни, а не шпекулации.”

Со цел да се промовира учеството на детето, децата во НВОи анкетираа други 2,300 врсници во 16 општини во врска со правата на детето. За период од четири месеци, тие своите наоди ги преточија во извештај од гледна точка на децата.

За прв пат, децата во земјата избраа две 17-годишни девојчиња од Тетово и Струмица да одат во Женева да го презентираат извештајот, да ја искажат својата загриженост, и да стапат во интеракција со членовите на Комитетот.

За некои деца, самиот процес на составување на извештајот беше на некој начин исто толку важен како и резултатите. Во Мајка, младински клуб за тинејџери во Куманово, околу 20 деца помогнаа да се состави нивниот дел од извештајот во сенка. Децата интервјуираа други деца во 14 училишта во областа, и направија и дополнително истражување.

Некои од учениците кажаа дека наодите од нивното истражување им ги отвориле очите.

Членовите на клубот го прифатија проектот бидејќи прашањата кои тие им ги поставуваа на останатите многу често беа директно поврзани со нивното потекло, ниво на приходи, етнички групи, итн., рече Маргарита Аврамовска, наставничка која им помага да го водат клубот Мајка.



УНИЦЕФ им помага на невладините организации и на владината комисија за правата на децата подобро да ги користат податоците поврзани со децата. *Дете во Битола*

# ГРАДЕЊЕ НА СОЈУЗИ И ПАРТНЕРСТВА ЗА ДЕЦАТА

Предизвиците со кои се соочуваат децата во земјата ги надминуваат капацитетите на една организација. За да се создаде земја во која СИТЕ деца ги уживаат истите права потребно е партнерство помеѓу секој поединец и секоја организација кои ги споделуваат вредностите на Обединетите нации и почитувањето на детските права.

Тука се вбројуваат истакнати и обични граѓани, организации на граѓанското општество, агенции на доброволна основа, фондации за филантропија, бизниси, верски организации, академски и истражувачки организации – и, се разбира самите деца и младите луѓе.

‘Партнерства за заеднички успех’ е една од стратегиите на УНИЦЕФ во спроведувањето на програмата за земјата. Соработката со енергични и најразлични партнери како што се пратеници, приватниот сектор и медиумите претставуваше извор на сила за УНИЦЕФ, но и зголемување на влијанието што може да го имаат неговите  заложби.

На глобално ниво, УНИЦЕФ има богата историја од работењето со корпоративниот сектор. Неодамнешниот економски развој и реформите на деловното опкружување цврсто ја позиционираа земјата на местото на земји со среден приход, каде корпорациите сé повеќе ја преземаат корпоративната општествена одговорност. Тоа отвори нови можности за УНИЦЕФ да ја прошири својата мрежа на партнери во која ќе се вклучи и приватниот сектор.

Во неодамнешното истражување на пазарот кое беше нарачано од страна на УНИЦЕФ, се истакнува дека седум од десет компании во земјата се подготвени да го поддржат УНИЦЕФ во промовирањето на прашањата за децата. Таквата подготвеност значеше отпочнување на програми за градење на сојузи кои ги исполнуваат потребите за филантропија и маркетинг на партнерите од приватниот сектор, како и способноста на УНИЦЕФ да се справи со најитните потреби на децата.

Еден значаен аспект од создавањето на средина во која детските права ќе се реализираат е создавањето на соодветна законска рамка во која се опфатени нивните права. Иако тоа не е доволно за да се загарантираат нивните права, и спроведувањето на законите останува да биде предизвик, еден од најсуштинските елементи за реализација на детските права е да се добијат закони, механизми и институции за нивно спроведување.

Од таа причина, УНИЦЕФ оствари партнерство со Собранието и пратениците за да се рационализираат правата на децата во законските реформи,

буџетските распределби и одлучувањето за политиките, и за да се разгледа основање на функционално собраниско тело кое ќе биде посветено на застапувањето на интересите на децата во работата на Собранието.

Иако примарната цел на заложбите за партнерства и сојузи на УНИЦЕФ е фокусирањето на прашањата за децата и мобилизирање на поддршка за децата, овие заложби се надополнување на останатите проекти и вклучуваат и иницијативи за градење на капацитетите за да се обезбеди дека медиумите имаат капацитет да ја преземат нивната улога во управувачките структури и системите за мониторинг на детските права. Работењето со приватниот сектор на сличен начин ќе вклучува иницијативи со кои се промовира корпоративната општествена одговорност фокусирана на детето во локалната бизнис заедница.



'Партнерства за заеднички успех' е една од стратегиите на УНИЦЕФ во спроведувањето на програмата за земјата. *Дете во Гостивар*

## 6.1 Новинарство по мерка на детето

Независно дали се печатени, онлајн или електронски, медиумите ја оформуваат перцепцијата на луѓето за себе и за останатите. Тоа е особено така кога притоа се вклучени децата, бидејќи тие речиси никогаш не се во можност да се одбранат себеси во медиумите. Само едно невнимателно споменување на име на дете, на пример во телевизиско известување за извршена злоупотреба од страна на родител може да фрли сенка на животот на тој млад човек засекогаш.

Во земјата како и во регионот, новинарските стандарди и улогата на медиумите како четврта власт во демократијата, не се целосно разбрани. Оттаму, не е зачудувачки што правата на децата и нивното право на изразување или се игнорираат или не се разбрани.

Од таа причина, со години УНИЦЕФ работи на обука на новинарите во земјата за новинарските стандарди, нивната улога во процесите на промена, и што можат тие како автори и уредници да направат за да ја поттурнат агендата за децата како носители на права. Но од друга страна, новинарите често ги менуваат работните места, што значи дека ваквиот тип на обуки треба да се спроведуваат постојано со нови групи на автори и уредници.

Затоа УНИЦЕФ става сé повеќе акцент на помошта да се креираат курсеви за правата на децата на универзитетските програми по новинарство, каде следните генерации на автори, правници и администратори се подготвуваат за работа. Во 2009 година на Правниот факултет при државниот универзитет „Св.Кирил и Методиј“, каде се спроведува најголемата програма по новинарство во земјата, УНИЦЕФ претстави наставна програма за детските права и прашања која е подготвена од страна на Институтот за технологија од Даблин.

УНИЦЕФ работеше на наставната програма со тим од локални академици за да се прилагоди на домашното право, пракса и политики, и поддржа серија на заложби за градење на капацитетите за да се воведат модерни образовни практики на универзитетот, вклучително и онлајн учење. За прв пат курсот се одржа како пилот настава во октомври 2009, а се запишаа 40 студенти на пост-дипломски студии на интердисциплинарните студии по новинарство и на студиите по право, што претставува една импресива бројка на запишани студенти на нова програма. Студентите беа запознаени со концептите кои ќе им помогнат да развиваат вештини за одговорно новинарско известување преку кое се увидуваат и почитуваат правата на децата; критично да го оценуваат известувањето за вести од перспектива која е “заснована на правата”; и пред сé, да го применат наученото во својата идна кариера како новинари и известувачи и да можат да известуваат на правичен, прецизен начин, придржувајќи се кон начелата на правата на децата.

“Наставата за студентите по новинарство е поефективна бидејќи новинарите кои работат не секогаш имаат слобода да направат што сакаат, тие мораат да ја следат уредувачката политика,” рече Даниела Блажевска, асистент по настава на универзитетот. “Но, доколку начелата за правата на децата се прифатени во текот на образованието, од самиот почеток ќе знаете што треба да се направи.”

Според Гордана Лазетиќ Бужаровска, заменик декан на Правниот факултет, универзитетот и УНИЦЕФ сега разгледуваат начини како да го прошират курсот во втората година, и како да се прошират практичните вежби и да се развиваат дополнителни алатки.

Исто така, УНИЦЕФ и универзитетот разгледуваат начини како новинарите да го надминат дневното и честопати сензационалистичко известување за прашања поврзани со децата и наместо тоа да се фокусираат на достигнувањата на децата, како и на нивните таканаречени “меки права,” како што се пристапот до квалитетно образование, сигурна здравствена заштита, и ран детски развој. Директното насочување кон овие пошироки трендови може да ги изложи проблемите на ниво на влада, а тоа може да доведе до значителна – и позитивна – промена.

“Понекогаш новинарите умеат успешно да ја расветлат страната на детето така што е можно медиумите да ја одиграат улогата на „совест на јавноста“,” рече Ирина Ивановска, помошник за комуникации во канцеларијата на УНИЦЕФ и лице за врски за програмата за новинарство на универзитетот.



УНИЦЕФ става сé повеќе акцент на помошта да се креираат курсеви за правата на децата на универзитетските програми по новинарство. *Дете во Гостивар*

Детски фонд на Обединети нации
(UNICEF)
Орце Николов 74, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3231150
факс: +389 2 3231151
e-mail: skopje@unicef.org
www.unicef.org.mk

unite for children

unicef